**20242093614**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 187 став (5) од Законот за енергетика(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ПРЕМИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/24), во член 2, во ставот 1, износот „30.000.000,00“, се заменува со износот „18.000.000,00“, а по зборовите „Разни трансфери“, се додаваат зборовите „и Раздел 10101 Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетика, Категорија 46–Субвенции и трансфери, Ставка 464 –Разни трансфери.“.

Член 2

Во членот 7, по зборовите „Министерството за економија“, се додаваат зборовите „односно Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 3

Во членот 8, по зборовите „Министерството за економија“, се додаваат зборовите „односно Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.“

Член 4

Во членот 9, зборовите „Министерството за економија“, се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 5

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9711/3
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.